# Слободната форма како почеток и крај



**ВО ЕРАТА НА КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ РАДИОСТАНИЦИ РЕЧИСИ НЕВЕРОЈАТНО Е ПОСТОЕЊЕТО НА РАДИО ШТО СЕ ФИНАНСИРА (САМО!!!) ОД СВОИТЕ СЛУШАТЕЛИ, А ПРИТОА ИСТОТО ДА СЕ НАОЃА НА ЊУЈОРШКАТА ФМ-СКАЛА. ЕДИНСТВЕНО ПО СВОЈАТА ПРОГРАМА *WFMU* СО ГОДИНИ, СПОРЕД РОЛИНГ *СТОУН*, Е НАЈУНИКАТНО АМЕРИКАНСКО РАДИО. ЗА ПОЧЕТОЦИТЕ, ПРОМЕНИТЕ, ДИЦЕИТЕ, МЕДИЈАСЛИКАТА НА ЊУЈОРК, СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕТО, ЏОРЏ БУШ, (НЕ)ЗАВИСНОСТА НА РАДИЈАТА ЗА *РИТАМ* ЗБОРУВА ПРВИОТ МЕЃУ ЕДНАКВИТЕ - БРАЈАН ТАРНЕР**

### ПРИКАЗНАТА ЗА ПОЧЕТОЦИТЕ

Почнавме во1958 година, како дел од бизнис-колеџот *Упсала* од Њу Џерси. Веќе во 1960-тите еволуира во угледно *freeform*-радио, што би значело радио што содржи секакви музички жанрови, нови идеи и возбудлива програма. Станавме познати и по тоа што на *WFMU* шанса добиваа сите музички „аутсајдери". Радиото стана независно во 1994 година, кога колеџот банкротира. Неколку години се боревме за фреквенцијата 98.1 ФМ. Денес сме некомерцијално, нонколеџ-радио, спонзорирано исклучиво од нашите слушатели(!!!), што практично дозволува да бидеме слободни колку што сакаме. Моето инволвирање во радиото се случи во 1996 година, кога ме именуваа за нов музички уредник, а во 1997 и за музичко-програмски директор, што сум и ден-денес.

### ТРАНСФОРМАЦИИ

Промените, во музичка и во идеолошка смисла, од година во година беа драстични, но во едно радиото остана бескомпромисно - во философијата „слободна форма". Таа нѐ водеше сите овие години. Новите диџеи мораа практично да бидат „индоктринирани" со нашето единствено кредо - „слободната форма како почеток и крај". Генерално, радиото се обидува да пронајде луѓе со различни, нови идеи и отворен музички светоглед.

### ПРОГРАМСКА ШЕМА

Диџеите ќе ги пронајдете во секакво расположение - од поп, денс до бибап, од рок, електроника до афробит, од психоделија до кантри, рокенрол од Перу, па и МП-тројката направена утрово.

Нив ги има од секаков вид. Видете на ***www.wfmu.org.*** Кен Фирдман, Мајк Лупига, како и мојата емисија третираат повеќе различни стилови музика, *Даунтаун соулвил* е ултимативен час на раритетен соул-звук, *Синерс кросроудс* презентира опскурни госпел-артефакти од Алабама, колективот *Смол чејнџ енд оусидиџеј* е повеќе ориентиран кон битмузиката. Том Шарплинг е концептуиран на комедија. Лора Кантрел, познатата млада кантри-изведувачка, е домаќинка на шоуто *Рејдио трифт шоп*. Додека *Транспацифик саунд парадајз* е најдоброто шоу за светска музика во Њујорк ако не и во светскиот етер. Патем, има тука уште многу рокенрол, секаква електроника, гаража, диско, голем број експериментални шоу-програми...

### СЛУЧУВАЊАТА НА ЊУЈОРШКАТА ФМ-СКАЛА

Сѐ е во сопственост на големите конгломерати, како *Клиар ченел*, на пример. Радиопрограмата на овој канал од Портланд ги емитува истите 20 песни како и онаа во Мајами. Локалниот фактор не игра никаква улога за нив. Колеџ-радиостаниците сѐ повеќе стануваат привремена одушка за студентите што сакаат да бидат во етаблираниот музички бизнис. Ние имавме среќа, но и знаење да не бидеме дел од корпоративната медија-слика на Њујорк. И покрај сѐ, мислам дека во земјата сепак нема „уште еден *WFMU*". Дефинитивно не во Њујорк.

### ЗА ПОЛИТИЧКАТА, ПА И СЕКАКВА ДРУГА СУБВЕРЗИЈА НА РАДИОТО

Дефинитивно не сме на платформата на политичките сапуници ала Боно Вокс. Сметаме, доколку нѐ слушате нас, вие сте веќе креативна и особена индивидуа. Нашата влада од ден на ден го унифицира медија-просторот со своите закони, уништувајќи ја секоја слободна мисла во таканаречениот наш „land of the free". Намерата им е јасна - морална војна и диктат на животниот стил за сите, а во иднина можеби и полошо од сето тоа. Приврзаниците на Џорџ Буш - *WFMU* го нарекуваат „радио за кратко". Не верувам дека тоа ќе им се оствари. Додека траеше Републиканската национална конвенција во Њујорк нашите диџеи ги повикуваа војниците да си заминат од Фалуџа (многумина од нив реагираа на таа наша програма). Сега, кога Буш е реизбран, нѐ загрижува помислата дека тоа практично значи повторно развратно зафаќање со слободата на изразувањето.

### ИДНИНАТА НА СЛОБОДНИОТ РАДИОКОНЦЕПТ

За нас би било идеално кога радиостаниците би биле (по)независни. Таканаречените музички директори сѐ повеќе се загрижени за желбите на големите дискографски куќи и нарачаните *Топ 20* листи. Во таа окупациска смисла Интернет е голема можност за нас. Фактот дека сме слушани и во Македонија е неверојатен и повеќе е и од нашите очекувања. Од друга страна, Америка е на пат да ја саботира сателитската радиопрограма сакајќи претплатниците да плаќаат само на неколку радиосервиси.

### МОЈОТ ИЗБОР

Слушам сѐ и сешто. Аранос со албумот *Тангоманго*, феноменален цигански виолинист од Ирска, потоа *Спаркс* (засекогаш и секаде!). Слушам радио и касетни компилации од Мароко, Камбоџа, Палестина и од Сирија. Уживам во сето тоа.

**Сашо Павловиќ**